***ДЕЛОВОДНИК*** **за работа на Асоцијацијата на здруженија на работодавачите на превозните трговски друштва на Република Македонија "Макам-транс" Скопје**

## *I. ОРГАНИЗАЦИЈА И ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ*

Асоцијацијата е составена од четири Регионални здруженија кои се нумерирани со броеви од 01 до 04 и го носат името на најголемото населено место и се со точно определени територијални граници на своето дејствување.

Секое **Регионално здружение** (во понатамошниот текст **РЗ**) има свое раководно тело кое е определено според сопствена волја во зависност од бројот на градови кои се во состав на истото и разните видови на превозни средства кои припаѓаат на превозниците од регионот. (церади, ладилници, кипери, ниско носечки платформи, автовозови, контејнерски платформи итн)

**Раководното тело** (во понатамошниот текст **РТ**) се состои најмалку од Претседател, секретар и потпретседател. Согласно волјата на членките од регионот се одредува бројот на лица во РТ, избраните преставници може да функционираат и како **Колективно раководно тело**. (во понатамошниот текст **КРТ**).

Секој регион е должен да донесе Одлука за наименување на членови во РТ и претставници во Регионалното претседателство како највисок орган на управување во Асоцијацијата.

Највисок **извршен орган** на Асоцијацијата е **Централното претседателство** (во понатамошниот текст **ЦП**) и е составен од пет члена.

- Четири потпретседатели
- Генерален секретар

Највисокиот **орган на управување** во Асоцијацијата е **Регионалното претседателство** (во понатамошниот текст **РП**) кое се состои од минимум 37 члена делегирани од РЗ и централното претседателство.

1. По минимум осум претставника од РНС
2. Четири члена од ЦП
3. Генералниот секретар на Асоцијацијата

Делегираниот број од 37 члена е минимален број на делегати, се остава правото на регионалните здруженија со над 300 членки да делегираат и дополнителен број на делегати кои ќе бидат составен дел на регионалното претседателство.
Седниците на Регионалното претседателство се одржуваат и имаат свој легитимитет доколку се присутни 60% од делегатите.
Од делигираните членови согласно одлука на Регионалното претседателство се бира со просто мнозинство:

- Претседател
- Секретар
- Записничар

Функцијата Претседател на Регионалното претседателство ја врши со мандат од 4 (четири) години секој претседател од Регионалните здруженија по пат на избор со просто мнозинство од присутните членки на седница на Регионалното претседателство.
Секретарот и записничарот се бираат од сите членови на Регионалното претседателство со просто мнозинство, со мандат од 4 (четири) години.

## II. ОВЛАСТУВАЊЕ И ДЕЈСТВУВАЊЕ НА РТ, РП, ЦП

1. **РАКОВОДНО ТЕЛО (РТ)** на РЗ има овластување и сопствен печат за самостојно дејствување во интерес на членството од регионот и во целина – функциите на членовите во РТ сами меѓу себе по своја волја ги одредуваат при извршување на работните задачи.

    - Има за обврска водење на точна евиденција за членки од регионот, пополнување пристапници и доставување на истите до централната канцеларија на Асоцијацијата во Скопје од каде еднаш годишно ќе се изработува фактура за наплата годишна членарина. Должни се да интервенираат при непочитување на обврската преземена со потпишување на Пристапната изјава за членство во Асоцијацијата, како и да дава предлози за исклучување на трговски друштва од членство во Асоцијацијата со претходно обезбедено ¾ мнозинство на членките од регионот.
    - Има за обврска и овластување да решава актуелен проблем во регионот за своите членки и сите останати од територија на Р.Македонија како и вклучувајќи побарана помош од странски транспортер.
    - Има за обврска да одреди лице кое ќе биде достапно до членството по телефон или лично за да се овозможи брза интервенција при актуелни проблеми, да прибира документирани информации за девијантни случаи при извршување на дејноста, како што се изјави, петиции и други документи во зависност од настанатиот проблем.
    - Има за обврска да иницира и организира состаноци со членството најмалку еднаш годишно, да иницира активности за прибирање на информации за случувањата и проблемите на членството по групи. Да информира за добиени информации од РП и ЦП. Има за обврска да доставува писмен извештај до генералниот секретар на асоцијацијата за состојбата во регионот и преземање на потребни дејствија на ниво на Асоцијацијата за разрешување на одредени девијантни појави. Има право да побара одобрение за организирање на штрајк или бојкот за решавање на проблеми на регионално ниво и да обезбеди поддршка на ниво на Асоцијација и од другите РЗ во нејзини рамки.
    - Има за обврска да иницира и врши избор и формирање на комисии од членството или избор на членови за учество во комисии на ниво на Асоцијација за решавање на важни и актуелни проблеми кои се во интерес на подобрување на економската и

социјалната положба на севкупното членство на ниво на Р.Македонија.

- РТ на РЗ директно одговара за својата работа пред ЦП и има за обврска да ги спроведува одлуките на истото кои се во согласност со Статутот, програмата за работа и одлуки на РП.
- Има за обврска да организира средби на членството од регионот по барање на ЦП во случаи кога ситуацијата налага спроведување на генерални и едукативни информации или активност за разрешување или разјаснување на актуелни случувања, давање на поддршка при случувања во другите регионални здруженија како услов за кординација на севкупната активност која е во интерес на сите членки на Асоцијацијата.

2. **РЕГИОНАЛНО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО (РП)** – е највисок орган на управување на ниво на Асоцијација, состаноците ги организира и води генералниот секретар во координација со претседателот.

Претседател на РП се избира од редот на делегатите (37), претседатели на РЗ, при што во избор не влегува генералниот секретар ниту пак има право на глас.

РП е највисок орган на управување во Асоцијацијата, Одлуките донесени од РП се спроведуваат од страна на целото членство преку извршниот орган ЦП и преку раководното тело (РТ) на РЗ.

- Има овластување да ги именува и менува потпретседателите избрани во ЦП со просто мнозинство, при што доколку лицето за кое се гласа е од редот на РП нема право на глас.
- Има овластување да донесува одлуки за измена, дополнување или вградување нови членови во Статутот на Асоцијацијата како дел од правата и обврските на истата. Донесува одлуки за менување или дополнување на програмата за работа, измени и дополнување на деловодникот за работа, одлучува за отворање на дисперзирани работни единици - канцеларии по регионите и одредување на работни задачи во истите, одлучува за припојување до слични или друг вид на здруженија во државата и надвор од неа, одлучува за имотот на Асоцијацијата итн. Одлуките се усвојуваат со просто мнозинство на присутните членови односно ¾-тинско мнозинство доколку се присутни минимум 60 % од делегатите. Изгласаните ставови, предлози согласно ингеренциите на РП имаат обврзувачко дејствие за сите РТ во РЗ и ЦП и се доставуваат во пишана форма во облик на Одлука, Наредба, Информација, Анекс, Заклучоци и сличен документ. Одлуките донесени од РП претставуваат документ кој се извршува без право на дискусија и имаат важност на законски акт донесен врз основа на Статутот на Асоцијацијата.

- Регионалното претседателство најмалку еднаш во годината се состанува на редовна седница, но и почесто во зависно од актуелната ситуација за што иницијатива за одржување вонредна седница презема генералниот секретар.

3. **ЦЕНТРАЛНО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО (ЦП)**, највисок извршен орган на Асоцијацијата, состаноците ги иницира и води генералниот секретар на истата.

- ЦП има за обврска да ги спроведува и реализира документите донесени од РП, да го спроведува Статутот и програмата за работа согласно деловодникот за работа. Директно за извршување на своите работни задачи одговара пред РП.

  **Потпретседател на Асоцијацијата** е функција со највисок статус на овластување веднаш после функцијата претседател на РП, ја претставува Асоцијацијата и застапува пред институции во државата и надвор од нејзините граници, делува и ги извршува своите работни задачи во склад со одредбите на Статусот и програмата за работа на Асоцијацијата.
  Се бира со просто мнозинство на гласови на предлог на РП, каде предложен делегат може да биде и член на РП или независен член предложен од РЗ.

  **Генерален секретар на Асоцијацијата** е платена функција независна од членовите на Централното претседателство, но дејствува заедно со нив и има за обврска да ги координира работните функции на сите раководни тела во Асоцијацијата во согласност со Статутот на истата, да ја претставува и застапува пред сите институции во државата и надвор од нејзините граници и ги потпишува сите акти донесени од надлежните органи на асоцијацијата односно во име на Асоцијацијата.

- Има за обврска да преговара и дава предлози за стратегија на дејствување на Асоцијацијата и тоа интерно во нејзините рамки и пошироко надвор од неа за спроведување на транспортна политика со институциите во државата и други органи, организации и трговски друштва и надвор од границите на државата, кои директно ќе влијаат на подобрување на социјалната и економска положба на севкупното членство.
  Поднесува извештаи за работењето на Асоцијацијата врз основа на информации од РТ на РЗ, од дејствувањето и работата на ЦП во целина.
  Поднесува иницијатива за преиспитување на работната способност на сите раководни тела во рамките на Асоцијацијата врз основа на писмени сугестии врз основа на лични проценки на фактичката состојба со одржување на средби со соодветниот раководен орган и тоа прво како предлог или информација до ЦП, кое има за обврска да даде свое писмено мислење, заземе став и да даде оценка врз основа на работниот материјал или сопствени истражувања (со организација на средби, разговори и сл.) и тоа со

консензус или ¾ мнозинство доколку се гласа. Доколку нема консензус или не постои можност ни со гласање да се донесе и даде соодветна одлука има право да иницира и свика вонреден состанок на РП за разрешување на настанатата ситуација или да иницира средба на сите членки пооделно по РЗ во зависност од актуелноста и видот на проблемот.

- Има за обврска да спроведува анкети меѓу членовите на регионалното претседателство и врз основа на нивните сугестии, предлози, критики и слично, има за обврска да иницира соодветно дејствие во однос на запазување на целисходното спроведување на одредбите од Статутот и програмата за работа на Асоцијацијата.
- Има за обврска да дава предлози и да врши организација на работните задачи во рамките на Асоцијацијата како целина и нејзините пооделни работни единици и притоа сите дејствија да се во корелација со Статутот на Асоцијацијата и важечките законски прописи.

  Лицата вработени во Асоцијацијата се под директен надзор и одговорност на генералниот секретар кој наименува лица за контрола при дисперзирани регионални канцеларии. Регионалните канцеларии се сметаат како дел од регионалното здружение за чија потреба се формирани.
- Генералниот секретар ги проценува можностите за отварање на регионални канцеларии на предлог на РП и проширување на заедничките служби, прима и дава отказ на вработени и одредува висина на надомест за извршените работни задачи во согласност со финансиските можности на Асоцијацијата и законската материја која го регулира тој дел.

- Генералниот секретар одговара за своите постапки исклучиво пред РП и ги спроведува нивните Одлуки и заклучоци во согласност со Статутот на Асоцијацијата. Раководи со ЦП како највисок извршен орган и ги иницира сите активности во Асоцијацијата.

- Регионалното председателство (РП) има право да го наименува или разрешува генералниот секретар на Асоцијацијата само врз основа на Одлука базирана на предлози и одлуки донесени со конснзус или ¾ мнозинство од севкупното членството на РЗ.

## III. РАБОТНИ ЕДИНИЦИ – СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

### ЦЕНТРАЛНА И РЕГИОНАЛНИ КАНЦЕЛАРИИ

Централната канцеларија на асоцијацијата е со седиште во главниот град на Р.Македонија - Скопје, каде се и сите поважни институции, органи и организации, странски дипломатски тела кои се неопходни за извршување на

работните задачи за подобрување на социјалната и економска положба на севкупното членство на Асоцијацијата.

Канцеларијата е седиште на генералниот секретар кој има статус на вработено лице во Асоцијацијата и на неговите помошници – советници за извршување од техничкиот аспект на работни задачи во зависност од случувањата, програмата за работа и потребата на Асоцијацијата.

Регионалните канцеларии се со седишта во градови кои се најдостапни до членовите од регионот или регионите и кои најфункционално ќе ја извршуваат дадената задача и обврски. Регионалната канцеларија е место каде се извршуваат дел од обврските и работните задачи од централната канцеларија, место каде треба да се собираат информации од членството, место од каде побрзо и директно ќе се пренесуваат информации до РТ на РЗ и повратно од нив до централната канцеларија.

Секое вработено лице на определено или неопределено, полно или скратено работно време, пред да стекне статус на редовно вработено лице поминува пробен период неопходен за обука од 3 месеци волентерска работа во кој период се надоместуваат само направените трошоци за превоз и храна и евентуална награда за особено залагање и извршување на работните задачи.

Во Асоцијацијата согласно нејзините работни задачи се препорачува да се вработуваат лица со висока стручна подготовка од областа на економијата, правото и сообраќаен факултет.

Стручните лица вработени во Асоцијацијата ќе посетуваат и разни семинари, обуки и се што е потребно за нивно доусовршување и остручување со цел да даваат поголем придонес во извршување на доверените работни задачи.

Во Асоцијацијата ќе се вработуваат и стручни лица по договор за повремена и привремена работа, или со скратено работно време но кои во исто време имаат редовен работен однос во друго трговско друштво како стручни лица неопходни за вршење на дел од работните задачи на истата и спроведување на зацртаната програма за работа.

Отворањето на регионални канцеларии, вработување на стручни лица или затворање на истите и отпуштање од работа, што се однесува и на централната канцеларија е во директна корелација со финансиката состојба на Асоцијацијата и нејзината ликвидност која директно зависи од сите членки на Асоцијацијата и нивната спремност редовно и навремено да вршат ажурирање на своите податоци за бројна состојба на возниот парк и навремена исплата на годишна членарина и други надоместоци согласно одлуките на РП.

## IV. ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА НЕФОРМАЛНА ОБУКА НА ВРАБОТЕНИ ЛИЦА ВО ПРЕВОЗНИТЕ ТРГОВСКИ ДРУШТВА

Едукативниот центар за неформална обука на возрасни лица кои ќе се стекнуваат со Сертификат одобрен од Министерство за образование и наука ќе се организираат во Скопје, Гевгелија и Битола, а во понатамошен период ако се појави потреба и во Кавадарци, Штип и Тетово и други градови со цел да се опфати што поголем дел од територија на Република Македонија.

Едукативниот центар се состои од пооделни центри за обука кои се составен дел на Асоцијација „Макам-транс“ Скопје и ќе имаат тенденција за развој и прераснување во Академија за неформална обука на регионално ниво опфаќајќи

и лица заинтересирани за обука и од соседни држави во рамките на прекугранична соработка.

Центрите за обука во прво време ќе бидат во разни изнајмени простории (сали, училници и др.) без постојана локација, а со тек на време ќе се формира простор целосно опремен со постојана локација на едно место во наведените градови со капацитет за одржување минимална обука на 20 лица во еден циклус на одржување на обука.

Постојан простор опремен со опрема за спроведување на едукација на минимум 20 лица е лоциран во Скопје во седиштето на Асоцијацијата и е обезбеден преку деловна соработка со Асоцијација „Превозник" Скопје.

Обуката ќе ја вршат компетентни лица кои се вработени во Асоцијацијата или се ангажирани по договор за повремена и привремена работа или преку покана на стручни лица од различни области како мерка на проширување на едукативниот процес со актуелни активности од оваа област.

Отворањето на центри за обука, вработување на стручни лица или затворање на истите и отпуштање од работа е во директна корелација со финансиската состојба на Асоцијацијата и нејзината ликвидност која директно зависи од сите членки на Асоцијацијата и нивната спремност редовно и навремено да вршат ажурирање на своите податоци за бројна состојба на возниот парк и навремена исплата на годишна членарина и други надоместоци согласно одлуките на РП, а поврзани со интересот за спроведување на обука и стекнување со Сертификат за:

- Референт логитичар и

- Референт е-шпедитер.

Активностите кои ќе се спроведуваат во рамките на едукативниот центар, одредување на надомест за извршена обука се под директни ингеренции на Генералниот секретар на Асоцијацијата.

*РЕГИОНАЛНО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО*
*Претседател*
*Небојша Тошевски (2010-2014)*
*Благоја Воинов (2014- )*

_______________________

*Бр.01/04-2010*
*Скопје, 01.03.2010 год.*
*Бр. 03-05-2014*
*Скопје, 21.01.2014 год.*
*Бр. 01-662а/1*
*Скопје, 08.05.2018 год.*